# „Повеќе сакам да кажам: ‚субханаллах, елхамдулиллах, ла илахе илаллах, Аллаху екбер‘, отколку да поседувам она врз кое изгрева Сонцето.“

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Повеќе сакам да кажам: ‚субханаллах, елхамдулиллах, ла илахе илаллах, Аллаху екбер‘, отколку да поседувам она врз кое изгрева Сонцето.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè информира дека спомнувањето на Аллах, Возвишениот, преку овие величествени зборови, е подобро од целиот свет и сè што е на него, а тие зборови се: „Субханаллах“: негираме каков било недостаток кај Аллах. „Елхамдулиллах“: изразуваме пофалба кон Аллах потврдувајќи ги Неговите совршените особини, вклучувајќи ја љубовта и Неговото величење. „Ла илахе иллаллах“: нема друго божество кое се обожува со право освен Аллах. „Аллаху екбер“: Најголем Највеличествен од сето останато.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6211